ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-161/10**

**Дата: 02.09.2010**

ДО

СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ, ГИМНАЗИЈА „ОРЦЕ НИКОЛОВ" - СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Средното училиште на Град Скопје, Гимназија „Орце Николов" – Скопје (во понатамошниот текст СУГС Гимназија „Орце Николов" - Скопје) на сметката на расходи на буџет на дотации за 2009 година.

За годините кои и' претходат на годината која е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, изразуваме мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на сметката на расходи на буџет на дотации, како и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Во рамки на утврдените недоследности, како позначајни ги наведуваме:

- непочитувањето на Законот за јавни набавки при набавките на стоки и услуги;
- неизвршеното сметководствено евидентирање и задолжување со набавените материјали, резервни делови и ситен инвентар даден во употреба, и
- неуредното водење на дневникот на благајната.

Ревизијата укажа на потребата од рационално и ефикасно искористување на буџетските средства преку доследна примена на Законот за јавни набавки при набавките на стоки и услуги, сметководственото евидентирање на краткорочните средства, како и внесување на податоците во книгата на благајна исклучиво врз основа на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 9 до 10 заедно со ревизија на усогласеност на СУГС Гимназија „Орце Николов„ - Скопје на сметката на расходи на буџет на дотации за 2009 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на СУГС Гимназија „Орце Николов„ - Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :
- Ѓорѓи Китански - директор 07.07.1999 до 27.11.2009 и
- Сунчица Поповска - директор од 27.11.2009 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Гимназија „Орце Николов“ - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на

интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09.06.2010 година до 16.07.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 14.07.2010 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 26.07.2010 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-161/4 од 26.07.2010 година.

### 3.1. Финансиски извештаи

**Биланс на состојба**

**Залихи**

**3.1.1.** СУГС Гимназија „Орце Николов" - Скопје во 2009 година не евидентирало залиха во сметководството за вредноста на набавените материјали, резервни делови и ситен инвентар во вкупен износ од 344 илјади денари . Исто така, не обезбедило систем на издавање на материјалите во употреба, како и задолжување на лицата со реверси за издадениот ситен инвентар во употреба. Наведеното не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, според кој во сметководството се евидентираат и краткорочните средства односно средствата чиј век на траење е пократок од една година. Неевидентирањето на залихите од материјали, резервни делови и ситен инвентар во сметководството влијае врз нивното објективно и реално прикажување во финансиските извештаи, го оневозможува потврдувањето на материјалната одговорност од располагање со истите, како и утврдувањето на нивното физичко постоење.

**Препорака**
Гимназија „Орце Николов“ да обезбеди финансиско и материјално евидентирање на залихите за вредноста на набавените материјали, резервни делови и ситен инвентар.

**Благајна**

**3.1.2.** СУГС Гимназија „Орце Николов“ – Скопје во 2009 година извршило промет преку благајна за набавка на стоки и услуги преку ставката „Други материјали“ во износ од 140 илјади денари. Преку проверка на начинот на водење на книгата на благајна, ревизијата го утврди следното:

- промените регистрирани во книгата на благајна (касови извештаи) не се хронолошки евидентирани. Трансакциите не се внесувани според временскиот редослед на нивно настанување, а целокупниот промет од благајната е евидентиран под еден датум (31.12.2009 година);
- за трансакции во вкупен износ од 79 илјади денари, извршено е внесување на податоците во книгата на благајна врз основа на сметководствени документи кои не се веродостојни и уредни, односно од истите не може да се утврди местото и времето на нивното составување, како и нивната материјална содржина (место, вредност и време на настанување на трансакцијата);
- за набавки во вкупен износ од 34 илјади денари извршени се плаќања без сметководствен документ како писмен доказ за настанатата финансиска промена.

Наведеното не е во согласност со член 7 и 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и влијае врз објективното и реално прикажување на прометот на стоки и услуги извршен во готови пари преку благајна, како и на расходите за „Други материјали“.

Исто така, извршени се и плаќања од благајната со поединечна вредност поголема од 6 илјади денари, што не е во согласност со член 20 од Законот за платниот промет, според кој висината на поединечните плаќања во готово е ограничена до 6 илјади денари.

**Препорака**
Одговорниот сметководител да обезбеди навремено, ажурно и хронолошко презентирање на податоците во книгата на благајна, кои ќе го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување. Исто така, внесувањето на податоците во дневникот треба да се заснова исклучиво врз веродостојни,

вистинити и уредни сметководствени документи како доказ за настанатата трансакција.

### 3.2. Користење на средства согласно Законот за јавни набавки

**3.2.1.** Во однос на усогласеноста на користењето на средствата на СУГС Гимназија „Орце Николов“ - Скопје за 2009 година со Законот за јавни набавки утврдивме само една набавка за која е спроведена постапка со барање за прибирање на понуди во износ од 198 илјади денари. Не се спроведени постапки за набавки во износ од 1.140 илјади денари (или 85 % од вкупните набавки за кои постои законска обврска да се реализира постапка), од кои 839 илјади денари се исплатени од сметката 903 – сметка на расходи на буџет на дотации, а 301 илјада денари од сметката 787- сметка на буџет од самофинансирачки активности. Неспроведените постапки се однесуваат на следните случаи:

- набавка на ситен инвентар, алат и други материјали за поправка во износ од 341 илјада денари ;
- набавка на канцелариски материјали во износ од 84 илјади денари ;
- средства за одржување на хигиена во износ од 83 илјади денари ;
- средства за одржување на објектот на училиштето во износ од 320 илјади денари ;
- средства за осигурување на недвижности и права во износ од 57 илјади денари ;
- превозни услуги во износ од 255 илјади денари .

Наведеното не е во согласност со барањата на Законот за јавни набавки, бидејќи неспроведувањето на постапки за јавна набавка ја ограничува конкуренцијата меѓу економските оператори, не обезбедува еднаков третман меѓу економските оператори и ги намалува транспарентноста и рационалното и ефикасно искористување на буџетските средства.

**Препорака**

При спроведувањето на постапките за јавни набавки, СУГС Гимназија „Орце Николов“ – Скопје да обезбеди остварување на барањата утврдени во Законот за јавни набавки: конкуренција, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договорите за јавни набавки како и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

## 4. Ревизорско мислење

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради изнесеното во точките 3.1.1 и 3.1.2 кои се однесуваат на неизвршено сметководствено евидентирање на залихите за вредноста на набавените материјали, резервни делови и ситен инвентар, како и неуредно водење на дневникот на благајната, а кои немаат материјално значајно влијание, ревизијата изрази резерва за реалноста и објективноста на финансиската состојба, како и за резултатот од финансиските активности на 31 декември 2009 година.

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.1.1. и 3.1.2. ,финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на СУГС Гимназија „Орце Николов“ – Скопје на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Според наше мислење, освен за ефектот од прашањата изнесени во точките 3.1.1., 3.1.2. и 3.2.1., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на СУГС Гимназија „Орце Николов“ – Скопје, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Скопје, 01.09.2010 година**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| | | |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 34,350 | 24,540 |
| **Вкупно приходи** | **34,350** | **24,540** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 28,498 | 19,370 |
| Стоки и услуги | 5,852 | 5,170 |
| **Вкупно тековни расходи** | **34,350** | **24,540** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **34,350** | **24,540** |
| | | |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **0** | **0** |
| | | |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | **0** | **0** |
| | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **0** | **0** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 3,291 | 2,182 |
| **Вкупно тековни средства** | **3,291** | **2,182** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **3,291** | **2,182** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 809 | 68 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 2,482 | 2,114 |
| **Вкупно тековни обврски** | **3,291** | **2,182** |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **3,291** | **2,182** |